„Возвишениот Аллах ќе им рече на жителите на Џенетот: ‚О, жители на Џенетот!‘ Тие ќе одговорат: ‚Ти се одзиваме, Господару наш!‘ Потоа Аллах ќе праша: ‚Дали сте задоволни?‘ Тие ќе речат: ‚Како да не бидеме задоволни кога ни го даде она што не си му го дал на ниту едно од твоите созданија?‘

Од Ебу Сеид ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Возвишениот Аллах ќе им рече на жителите на Џенетот: ‚О, жители на Џенетот!‘ Тие ќе одговорат: ‚Ти се одзиваме, Господару наш!‘ Потоа Аллах ќе праша: ‚Дали сте задоволни?‘ Тие ќе речат: ‚Како да не бидеме задоволни кога ни го даде она што не си му го дал на ниту едно од твоите созданија?‘ Тогаш Аллах ќе рече: ‚Ќе ви дадам нешто уште повредно од тоа.‘ Тие ќе прашаат: ‚Господару наш, а што е повредно од тоа?‘ Аллах ќе одговори: ‚Ќе го спуштам Моето задоволство врз вас, и потоа никогаш нема да се налутам на вас.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека Возвишениот Аллах ќе им се обрати на жителите на Џенетот и ќе рече: „О, жители на Џенетот!“ Тие ќе одговорат: „Ти се одзиваме, Господару наш!“ Потоа Аллах ќе праша: „Дали сте задоволни?“ Тие ќе одговорат: „Да, Господару, задоволни сме! Како да не бидеме задоволни кога ни го даде она што не си му го дал на никое од твоите созданија!“ Тогаш Аллах ќе рече: „А зарем да не ви дадам нешто уште повредно од тоа?“ Тие ќе прашаат: „Господару наш, а што може да биде повредно од тоа?“ Аллах ќе одговори: „Ќе го спуштам Моето трајно задоволство врз вас, и потоа никогаш повеќе нема да се налутам на вас.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/8343